Република Северна Македонија Национална установа
Манифестација СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА
Republika e Maqedonisë së Veriut Institucioni Nacional
Manifestimi MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË
Бр.Nr. 02-120/4
27.05 2022 год.viet
Струга-Strugë

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НУМ „СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
INM „MBRËMJET STRUGANE TË POEZISË“

Ул. Браќа Миладиновци бр.5, 6330 Струга, Поштенски фах 111
Rr. Vëllezërit Miladinov nr.5, 6330 Strugë, PO box 111
Тел./Tel.+389 46 786 270, E-mail: struga@svp.org.mk
www.svp.org.mk

Врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Статутот на НУМ Струшки вечери на поезијата Струга, а согласно член 36 став 1 точка 13 од Законот за култура, Управниот одбор при НУМ Струшки вечери на поезијата Струга на седницата одржана на ден 27.05.2022 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## За измена во Правилникот за наградата „Браќа Миладиновци“ на Струшките вечери на поезијата

Член 1

Се врши измена во Правилникот за наградата „Браќа Миладиновци“ на Струшките вечери на поезијата број 02-95/4 од 28.05.2021 година и тоа:

Членот 3 став 1 се менува и гласи:

„Наградата „Браќа Миладиновци“ се состои од плакета (повелба), паричен износ и објавување на наградената книга во превод на странски јазик, во издание на НУМ Струшки вечери на поезијата.“

Членот 4 став 13 се менува и гласи:

„ - Книгите кои нема да пристигнат до определениот рок и кои нема да ги исполнуваат условите од истиот нема да бидат земени предвид за наградата.“

Членот 5 се менува и гласи:

„Член 5

-По донесувањето на Одлуката за доделување на наградата „Браќа Миладиновци“, добитникот на наградата од страна на НУМ Струшки вечери на поезијата ќе биде известен по писмен и електронски пат, при што ќе му биде доставен и примерок од Договорот за доделување на наградата Браќа Миладиновци.

-Потпишаниот Договор од страна на добитникот се доставува по пошта или по електронски пат до НУМ Струшки вечери на поезијата во рок од 3 дена, не сметајќи го денот на приемот.

- Доколку добитникот одбие да го потпише Договорот односно истиот не го врати до НУМ Струшки вечери на поезијата во горенаведениот рок, ќе смета дека истиот не се согласува со одредбите на Договорот.

- Во услови на горенаведеното, НУМ Струшки вечери на поезијата ја известува жири комисијата по писмен или електронски пат и во рок од 2 дена од денот на известувањето, жири комисијата треба да достави до УО повторен предлог за добитник на наградата Браќа Миладиновци.

-Доколку во тој рок не е доставен единствен предлог од жири комисијата, УО на СВП донесува Одлука за добитникот врз основа на потесната листа.

- НУМ Струшки вечери на поезијата се обврзуваат моделот на Договор да го прикачат на веб страната на институцијата https://svp.org.mk/mk/."

И по членот 5 се додава нов член 5а кој гласи:

„Член 5а

Со потпишувањето на Договорот, добитникот на наградата Браќа Миладиновци се согласува дека на Струшки вечери на поезијата ги отстапува авторските права поврзани со објавување и дистрибуција на делото или делови од делото во каква било форма и во сите медиуми сега познати или понатаму откриени за потребите на НУМ „Струшки вечери на поезијата", за превод на делото или на дел од делото на странски јазик и спроведување на сите права во сите медиуми во натамошните преводи само за промотивни и некомерцијални цели за потребите на НУМ„Струшки вечери на поезијата".

Договорните страни се согласни дека добитникот на наградата Браќа Миладиновци ќе биде достапен за интервјуа кои ќе бидат организирани од страна на Струшки вечери на поезијата.

Добитникот на наградата ќе учествува на манифестацијата Струшки вечери на поезијата Струга, и ќе учествува на сите поетски настани/читања кои се предвидени во програмата на манифестацијата.

Добитникот на наградата Браќа Миладиновци дозволува снимање, емитување фотографирање на настаните каде ќе се промовира добитникот на наградата за промотивни цели на Струшки вечери на поезијата.

Добитникот на наградата Браќа Миладиновци се обврзува дека при повторно препечатување на истата мора да побара согласност од НУМ Струшки вечери на поезијата за користење на името и логото, како и името на наградата. "

Член 2

Останатите одредби од Правилникот за доделување на наградата „Браќа Миладиновци“ на Струшките вечери на поезијата 02-95/4 од 28.05.2021 година остануваат исти.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила веднаш по нејзиното донесување, да се достави до архивата.

Управен одбор при НУМ „Струшки вечери на поезијата“
Претседател
Елизабета Шелева